Здружение на граѓани
Центар за граѓански комуникации
ЦГК
Бр. 0302-842/1
22.09 2023 год.
СКОПЈЕ

**До: Општина Чешино Облешево**
(имател на информацијата)

## БАРАЊЕ

### за пристап до информации од јавен карактер

Од: Центар за граѓански комуникации, Скопје, ул. Булевар Кочо Рацин бр. 26/1-2 Скопје, тел.02 3 213 513, e-mail center@ccc.org.mk.

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Герман Филков, ул. Булевар Кочо Рацин бр. 26/1-2 Скопје, тел. 02 3 213 513, e-mail center@ccc.org.mk.

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ги доставите следните информации:**

1. Колку лица во институцијата вршат работи од областа на јавните набавки?
2. Колку од лицата коишто ги вршат јавните набавки имаат важечка потврда за положен испит за јавни набавки?
3. Дали членовите на Комисијата за јавни набавки се менуваат за секоја набавка или се истите за сите набавки?
4. Ве молиме, доставете ни ја одлуката за јавна набавка за постапката број: 04153/2022
5. Дали имате внатрешни правила врз чија основа ја пресметувате проценетата вредност на набавките (ако имате, ве молиме, доставете ни копија од документот)?
6. Дали имате дефинирани внатрешни правила за изработка на техничките спецификации за јавните набавки (ако имате, ве молиме, доставете ни копија од тие правила)?
7. Дали имате систем за следење на реализација на планот за јавни набавки (ако имате, ве молиме, објаснете каков е тој систем)?
8. Дали имате систем за следење на реализацијата на склучените договори за јавни набавки ако имате, ве молиме, објаснете каков е тој систем)?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје
Датум: 22.09.2023 година

Потпис:
______________________________
Герман Филков

Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје

**ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО**

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефон/факс: (033) 351-770
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: info@cesinovo-oblesevo.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 31-1605/2
27. 09. 2023 год.
ОБЛЕШЕВО

**До**
**Центар за граѓански комуникации**
**Булевар Кочо Рацин бр.26/1-2**
**- Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Во врска со Ваше Барање за пристап до информации од јавен карактер Ви го доставуваме следниот одговор под редните броеви како што се во Барањето:

1. Едно (1) лице
2. Едно (1) лице
3. Се менуваат за секоја јавна набавка
4. Прилог Одлука бр.09-512/1 од 14.03.2022 година ( во Прилог и Огласот за јавна набавка каде е наведен бројот на огласот за кој се однесува донесената Одлука)
5. Нема внатрешни правила врз основа на кои се пресметува проценетата вредност
6. Нема дефинирани внатрешни правила за изработка на техничка спецификација
7. Нема систем на следење на реализација на планот за јавни набавки
8. Начинот на кој се следи реализацијата на склучените договори е со доставени писмени известувања и укажувања на административен работник од општината кој ја следи реализацијата на Договорот и известување и укажување на административен работник од одделението за финансиски прашања со укажување на начинот на плаќање по реализираниот Договор. (Прилог Известувања уи укажувања)

Одговорот Ви го доставуваме за Ваши потреби.

Со почит,

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Изготвил:

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 09-512/1
14.03.2022 год.
ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 77 од Законот за јавни набавки ("Сл.весник на РСМ"бр.24/2019), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево, на ден 14 .03.2022 год.,донесе

# ОДЛУКА
## За јавна набавка

1.Да се спроведе постапка за јавна набавка за потребите на општина Чешиново-Облешево,согласно Законот за јавни набавки, според следните податоци:

1.1.Предмет на набавката: *Работа со градежна машина за потребите на општина Чешиново-Облешево, за период од една година,*

2.Износ и извор на средствата потребни за реализација на набавката: Вкупната вредност на јавната набавка изнесува =2.500.000,00 ден., (без пресметан ДДВ).

2.1.Средствата за реализација на набавката се од Буџетот на општина Чешиново-Облешево .

3.Начин и постапка за извршување на набавката:

3.1.Јавната набавка да се спроведе со Поедноставена Отворена Постапка со објавување на оглас , согласно член 49 и 59 од ЗЈН ("Сл.весник на РСМ"бр.24/2019), од причини што проценетата вредност на договорот за јавната набавка на работите е до 500.000 евра во денарска противвредност, без вклучен ДДВ.

3.2.Постапката за доделување на договор ќе се спроведе со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) (https://www.e-nabavki.gov.mk), а ќе заврши со електронска аукција.

3.3. Предметот на договорот не е делив.

Предметот на јавна набавка не е делив од причини што се работи за ангажирање на градежни машини за одредени потреби на општината, работењето на машините најчесто е заемно поврзано (ископ и транспорт и сл.).

Детален опис на предметот на договорот е даден во техничките спецификации во прилог на оваа тендерска документација.

4.Потреба од спроведување на постапката:

Постапката е потребно да се спроведе за да се избере најповолна понуда и изведувач кој ќе биде ангажиран за работа со градежни машини за потребите на општината (ископ , транспорт и слично).

5.Критериуми за избор на најповолен понудувач е економски најповолна понуда-најниска цена .

6.За спроведување на јавната набавка се задолжува Комисијата за јавни набавки, формирана со Решение бр.09-512/2 од 14.03.2022 година, во состав : Светлана Заова-претседател, Иван Митков -член и Санела Гичева Саканарски-член.Како нивни заменици се именувани: Бранко Кузмановски-заменик претседател, Ивана Минова Богданова-заменик член и Катерина Постолова-заменик член.

7.По спроведување на постапката за јавна набавка, набавувачот ќе склучи договор со избраниот понудувач за извршување на предметот на јавната набавка.

8.Примерок од оваа Одлука да се достави до Комисијата за јавни набавки и архивата.

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Изготвил:Љиљанка Андонова

Министерство за Финансии - Биро за јавни набавки
Палата "23 Октомври", ул. Даме Груев бр. 12
1000 Скопје
Телефон: 02/3255-689
http://bjn.gov.mk

Електронски систем
Биро за јавни набавки

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 05-525/1
19. 03. 2022 год.
ОБЛЕШЕВО

**ОГЛАС ЗА ЈАВНА НАБАВКА**

Број на оглас: **04153/2022**

## ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

I.1.1) Назив на договорниот орган: **Општина Чешиново-Облешево**

I.1.2) Адреса: **Маршал Тито бб Облешево**

I.1.3) Град и поштенски код: **Чешиново-Облешево 2301**

I.1.4) Интернет адреса:

I.1.5) Лице за контакт: **Лијанка Андонова** , адреса на е-пошта: **cesinovo-oblesevo@t-home.mk** телефон/факс: **033351770/**

I.1.6) Дополнителни информации и тендерската документација може да се добијат:
**На горната адреса**

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:
**Органи на единиците на локалната самоуправа - Општи јавни услуги**

## ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

II.1) Предмет на договорот за јавна набавка:
**Работа со градежна машина за потребите на општина Чешиново-Облешево, за период од една година**

II.1.1) Објавување на проценета вредност **Не**

II.2) Вид на договорот за јавна набавка: **Работи - Изведување**

Место на испорака на стоките или извршување на услугите, или локација на извршување на работите:
**Општина Чешиново-Облешево**

II.3) Секторски договор **Не**

II.4) Централно тело **Не**

II.5) Групна набавка **Не**

II.6) Електронски каталог: **Не**

II.7) Подетален опис на предметот на договорот за јавна набавка: **Работа со градежна машина за потребите на општина Чешиново-Облешево, за период од една година**

II.8) Заеднички поимник за јавни набавки: **Да**
Основен предмет на јавната набавка-Главен поимник

| Шифра | Опис |
|---|---|
| 45000000-7 | Градежни работи |

II.9) Делива набавка **Не**

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
бр. 03-1372/1
10-08- 2023 год.
ОБЛЕШЕВО

# ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

дреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

До
**Далибор Арсов**
Самостоен референт
зз односи со јавноста

**Предмет**:Известување и задолжување ,
Врска: договор бр.03-1359/1 од 07.08.2023 год.,

По спроведената постапка за јавна набавка по оглас бр.12486/2023 и во Сл.весник на РСМ бр.147/2023 за - : *Рачно асфалтирање на прекопи и ударни дупки на локалните патишта на територија на општина Чешиново-Облешево,* Ве известуваме дека за најповолен понудувач е избран Друштво за производство,трговија и услути Стоименов ДООЕЛ Кочани и е склучен договор бр. 03-1359/1 од 07.08.2023 година.
Во прилог на дописот Ви доставуваме примерок од Договорот и понудата со поединечни цени по е-аукција за понатамошно постапување.

Исто така, Ви укажуваме на обврската од член 70 став 8 од Законот за јавни набавки, дека е потребно веднаш по целосна реализација на Договорот да ме известете, бидејќи во рок од 10 (десет) дена е потребно да се пополни известување на ЕСЈН.

Горенаведеното Ви го доставуваме за Ваше постапување.
Со почит,

Прилог:Фотокопија од Договор бр.03-1359/1 и понуда со спецификација,

10.08.2023 год.
Облешево

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Љиjанка Андонова

Изготвил:Љиjанка Андонова

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 03-1371/1
10.08. 2023 год.
ОБЛЕШЕВО

# ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
Web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

До
Милена Параклиев
Одделение за финансиски прашања
- сметководство

**Предмет**:Известување и укажување ,
Врска: договор бр.03-1359/1 од 07.08.2023 год.,

По спроведената постапка за јавна набавка по оглас бр.12486/2023 и во Сл.весник на РСМ бр.147/2023 за - : *Рачно асфалтирање на прекопи и ударни дупки на локалните патишта на територија на општина Чешиново-Облешево,* Ве известуваме дека за најповолен понудувач е избран Друштво за производство,трговија и услуги Стоименов ДООЕЛ Кочани и е склучен договор бр. 03-1359/1 од 07.08.2023 година.
Во прилог на дописот Ви доставуваме примерок од Договорот и понудата со поединечни цени .

Набавката ќе биде сукцесивна по потреба на договорниот орган и плаќањето ќе биде исклучиво за услуга која е нарачана и извршена .

Договорниот орган го задржува правото Договорот да не го реализира во целост, туку во зависност од потребите.

Воедно Ве известуваме дека , сукцесивните набавки во период на траење на Договорите не треба да го надминат износот кој е планиран за предметната јавна набавка, за да имате увид во ф-рите.

Доколку се појави потреба за измена и дополнување на основниот договор, потребно е во рок од 3 (три) дена да доставете потребни документи и известување за да ги запаземе законските одредби.

Посебно укажуваме на обврската согласно чл.40 став 5 и 6 од Законот за јавни набавки ("Сл.весник на РСМ"бр.24/2019) за **достава на квартална евиденција на набавките под прагот од 1000 евра** (односно за сите поединечни набавки по ф-ри и слично), која е потребно да се доставува во рок од 10 (десет) дена на ЕСЈН , по изминување на кварталот. За да се спроведе точно и правилно оваа законска обврска , почнувајќи од 01 април 2019 година , потребно е да имате преглед на наведените набавки од Ваша страна. Поради наведеното, потребно е постојано и уредно да ги евидентирате и контролирате износите за овие набавки –(во посебна табела или слично) , од каде би ги презеле и доставиле податоците на ЕСЈН.

Горенаведеното Ви го доставуваме за Ваше постапување.

Со почит,

Прилог:Фотокопија од Договор бр.03-1359/1 и понуда со спецификација,

10.08.2023 год.
Облешево

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Љијанка Андонова